Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија” бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19,77/21, 122/21, 178/21, 150/22 и236/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 2023 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА КАРДИОВАСКУЛАРНИ БОЛЕСТИ (КВБ) ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2023 ГОДИНА**

## I. ВОВЕД

Болестите на срцето и крвните садови претставуваат голема, хетерогена група на заболувања и се на прво место како причини за смрт во генералната популација во Република Северна Македонија. Исхемичната болест на срцето со своите четири клинички форми – ангина пекторис, акутен инфаркт на миокардот, ненадејна срцева смрт и исхемична кардиомиопатија, е најчеста болест од оваа голема група на заболувања, а настанува како последица на атеросклероза во коронарните артерии. Најновите испитувања покажуваат дека атеросклеротичните промени на крвните садови настануваат уште во најраната возраст (после втората година од животот) така што со превенција треба да се започне што е можно порано.

Од големо значење се и цереброваскуларните болести, особено цереброваскуларниот инфаркт, субарахноидалното, интрацеребралното и друг вид крвавење кои се вбројуваат во десетте најчести причини за смрт на населението, а се тесно поврзани со болестите на срцето.

Со Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Северна Македонија за 2023 година се опфатени:

### АДУЛТНА КАРДИОХИРУРГИЈА

Кардиохируршките операции и трансплантации на срце се едни од најсложените хируршки интервенции. Бројот на болни кои имаат потреба од кардиохируршка интервенција или трансплантација на срце е во постојан пораст. Како кардиохируршки интервенции се подразбираат интервенциите на отворено срце помеѓу другите реконструкција на срцеви залистоци, замена на срцеви залистоци, аорто – коронарен бајпас и ред други интервенции помеѓу кои врвот го зазема трансплантацијата на срце од кадаверичен дарител.

Како и секоја друга гранка од хирургијата, кардиохирургијата бара искусен тим од кардиохирурзи, васкуларни хирурзи, анестезиолози, кардиолози и други, како и среден персонал (инструментарки, медицински сестри, анестетичари, перфузионисти и други) кои се надополнуваат со нашиот тим.

### ДЕТСКА ХИРУРГИЈА

Со цел навремено дијагностицирање и третман кај педијатриските пациенти, Министерството за здравство интензивно вложува напори во растот и развојот на педијатриската хирургија , како и интензивна хируршка нега.

Преку соработката со тимот на педијатриските хирурзи, кардиохирурзи од Америка, тимот при Институтот за здравствена заштита на мајки и деца, Белград, Србија, Клинички Центар Србија, Белград, Болница Звездара, Белград, Република Бугарија и други установи, се намалува бројот на интервенции на деца кои се лекуваат

во странство, а воедно и се едуцира македонскиот тим кој ќе треба да продолжи да работи самостојно без странски едукатори.

Тимот за неонатална хирургија и кардиоваскуларна хирургија е составен од: педијатриски хирурзи, анестезиолози, интензивисти, интернисти, кардиолози, медицински сестри, перфузионисти, анестетичари, инструментарки и медицински сестри за во интензивна нега.

Лимфангиомите спаѓаат во групата на васкуларни малформации, најчесто локализирани на врат, со непосреден контакт и компресија на витални органи и крвни садови во соодветната регија. Досегашната пракса беше овие пациенти да се упатуваат на лекување во медицински центри надвор од Република Северна Македонија. Нашите залагања се во правец, да обезбедиме соодветни услови за третман на овие пациенти на Клиника за детска хирургија. Поради тоа, неопходно е обука на персоналот од врвни експерти од областа, кои ќе едуцираат третирајќи ги веќе дијагностицираните пациенти на нашата клиника.

потребно е и едукација на хируршкиот тим од Клиника за детска хирургија за третман на специфични случаи од областа на неонатална и доенечка хирургија. Постоперативно овие пациентите се третираат на одделот за интензивна нега и терапија. За применување на соодветните методи во секојдневната пракса потребно е едукација на персоналот.

Со цел унапредување на работата на Клиниката за детска хиругија, воведување на нови методи, што воедно и ќе значи намалување на бројот на пациенти кои имаат потребата од упатување на лекување во странство.

Со овие интервенции се врши трансфер на знаење и вештинина нашиот тим за неонатална хиругија и кардиоваскуларна хирургија, со што овие интервенции во иднина би ги вршеле самостојно нашите специјалисти во Република Северна Македонија.

**<u>ИНСТИТУТ ЗА ЕПИДЕМИОЛОГИЈА И БИОСТАТИСТИКА СО МЕДИЦИНСКА ИНФОРМАТИКА</u>**

Поради загрижувачките состојби со експлозивно зголемување на бројот на заболени и починати лица како последица од хронични незаразни заболувања, независно од КОВИД 19 пандемијата, неопходно стана да се спроведат Национални епидемиолошки студии кои ќе имаат аналитички пристап. Тие ќе се спорведуваат заедно со Медицински факултет, УКИМ Скопје, како главен чинител за статистички истражувања и шифрирање на морталитетот на нашата земја во соработка со Државен завод за статистика и Управата за електронско здравство.

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Главни цели на Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Северна Македонија за 2023 година се:

- Превенција на факторите на ризик;
- Навремено препознавање на КВБ;
- Намалување на смртноста и инвалидитетот;
- Едукацијата на тимот од државната кардиохирургија од страна на едукатори кои со своето искуство и знаење го надоградуваат и пренесуваат на останатите инволвирани колеги. Тимот се состои од специјалисти по кардиохирургија, васкуларна хирургија, анестезија како и среден медицински персонал (медицински сестри, инструментарки, анестетичари и перфузионисти);
- Едукација на тим за неонатална хирургија и интензивна хируршка нега од страна на тимот кој е составен од доктори (хирурзи, васкуларни, анестезиолози, интензивисти, интернисти, кардиолози) и среден медицински персонал

(медицински сестри, перфузионисти, анестетичари, инструментарки и медицински сестри за во интензивна нега)

- Лекување на пациенти од цереброваскуларни болести, особено цереброваскуларниот ин-фаркт, субарахно идално, интрацеребрално и друг вид крвавење, со должина на болнички престој повеќе од 5 години;
- Подобрување во лекувањето на секундарно и терциерно ниво;
- Подобрување на квалитетот на живот кај адултни пациенти со кардиоваскуларни болести Република Северна Македонија, како би бил во состојба да одговори на се поголемото оптеретување на населението со кардиоваскуларни болести.

## III. НОСИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА

- Министерство за здравство

## IV. ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Извршители на активностите на Програмата се:

- ЈЗУ Општа болница „Борка Талески“ Прилеп
- ЈЗУ Универзитетската клиника за државна кардиохирургија – Скопје
- ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија – Скопје
- Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика

## V. ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За реализација на мерките и активностите предвидени со Програмата за превенција на кардиоваскуларните болести во Република Северна Македонија за 2023 година, потребни се следните средства:

| | **Активности** | **Извршители** | **Износ (денари)** |
|---|---|---|---|
| **1** | Средства наменети за образовни и договорни услуги за тимот кој ја основаше државната кардиохирургија и континуирано работи на растот и развојот на државната кардиохирургија на Универзитетската клиника за државна кардиохирургија – Скопје | Универзитетска клиника за државна кардиохирургија – Скопје | **9.000.000,00** |
| **2** | Средства наменети за образовни и договорни услуги за тимовите кои континуирано ги воведуваат и развиваат неонаталните | Универзитетска клиника за детска хирургија-Скопје | **6.500.000,00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | хируршки и кардиохируршки интервенции и педијатриска интензивната хируршка нега на Универзитетската клиника за детска хирургија – Скопје | | |
| **3** | Лекување на пациенти од цереброваскуларни болести, особено цереброваскуларни от инфаркт, субарахноидално, интрацеребрално и друг вид крвавење, со должина на болнички престој повеќе од 5 години | ЈЗУ Општа болница „Борка Талески" Прилеп | **500.000,00** |
| **4** | Изработка за национални студии за превенција од кардиоваскуларни заболувања во Република Северна Македонија | Изготвување на национални студии за превенција од кардиоваскуларните заболувања | **100.000,00** |
| **5** | Неизмирени обврски за реализирани програмски активности од 2022 година | | **1.800.000,00** |
| | **ВКУПНО:** | | **18.000.000,00** |

Програмата ќе се реализира во обем и содржина на средствата одобрени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година во вкупен износ од 18.000.000,00 денари од основниот буџет на Министерството за здравство.

Со програмата ќе се врши и исплата на неизмирени обврски за реализирани програмски активности од 2022 година во висина од 1.800.000.00 ден.

## VI. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Средствата за реализација на активностите предвидени со оваа програма се предвидени за:

- трошоци поврзани со ангажирање на странски доктори/тимови од еминенти медицински центри од странство и тоа: трошоци за пат, сместување и надоместок за извршената едукација и национални студии за превенција од кардиоваскуларни заболувања.

## VII.НАЧИН НА ФАКТУРИРАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

Министерството за здравство месечно ќе ги распределува средствата на здравствените установи, извршители на активностите врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во оваа програма.

Во прилог на фактурите здравствените установи имаат обврска да достават :

- Пресметка за целиот тим на странски едукатори кои вршат теоретска и практична работа,
- Месечен извештај за тимот кој работел директно со пациентите, хирургот, кардиохирургот, прв асистент, втор асистент, анестезиолог,
- Месечен извештај на македонскиот тим кој е едуциран од страна на странските тимови.
- Шест месечен извештај за вид и обем на извршени здравствени услуги, број на дијагностички процедури, број на извршени хируршки операции, број на интервентни процедури и број на реоперации,
- Годишен извештај за вид и обем на извршени здравствени услуги, број на дијагностички процедури, број на извршени хируршки операции, број на интервентни процедури и број на реоперации,
- Докази за извршена јавна набавка.

## VIII. ДОСТАВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИ И РОКОВИ

Здравствените установи кои се извршители на оваа програма, најдоцна до 10-ти во месецот доставуваат фактура и месечен извештај за реализирани активности до Министерството за здравство.

## IX.МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Министерството за здравство ќе ја следи реализацијата на активностите од Програмата, преку одржување редовни состаноци во јавните здравствени установи извршители на програмата, во делот на реализирани активности и предлагање мерки и решенија за надминување на одредени проблеми кои ќе произлезат во тековниот процес на работа.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. ____________
______________ година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Димитар Ковачевски**